З А К О Н
ЗА ИНДУСТРИСКИ - ЗЕЛЕНИ ЗОНИ
Редакциски пречистен текст[1]

Дел први

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Предмет на уредување

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат условите и начинот за основање, управување и работење со индустриските и зелените зони, дејностите кои се вршат во индустриските и зелените зони, условите за нивно вршење, како и престанокот на работа на индустриската и зелената зона, отуѓувањето на земјиштето и обврските на сопственикот на дел од земјиштето и сопственикот на цела зона кои ќе вршат дејност во зоната.

(2) Со овој закон се уредува и постапката за трансформација на технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона.

Цел на Законот

Член 2

Целта на овој закон е забрзување на економскиот развој со привлекување на странски и домашен капитал за развој на единиците на локалната самоуправа и економијата на Република Македонија, како и зголемување на конкурентноста и вработувањето.

Значење на одделни поими

Член 3

Одделните поими употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. „Индустриска зона" е дел од територијата на Република Македонија во сопственост на Република Македонија, посебно ограден и означен простор што претставува функционална целина во која се вршат дејности под услови пропишани со овој закон и друг закон;

2. „Основач на индустриска и зелена зона" е единица на локалната самоуправа или Владата на Република Македонија или правно лице кое дејноста на основач ја врши согласно со договорот за јавно приватно партнерство;

3. „Оператор на зона" е јавно претпријатие, или трговско друштво основано од единицата на локалната самоуправа кога основач на зона е единицата на локалната самоуправа, а Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (во натамошниот текст: Дирекцијата) односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство кога основач на зона е Владата на Република Македонија;

[1] Редакциски пречистениот текст на Законот за индустриски - зелени зони, ги опфаќа: основниот текст на Законот, објавен во "Службен весник на РМ" бр. 119/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриски - зелени објавен во "Службен весник на РМ" бр.160/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриски - зелени објавен во "Службен весник на РМ" бр.173/15 и Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриски - зелени објавен во "Службен весник на РМ" бр.192/15, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена.

4. „Сопственик на дел од зона" е секое физичко лице кое е регистрирано како трговец поединец согласно со Законот за трговските друштва и/или правно лице регистрирано како трговско друштво согласно со Законот за трговските друштва, кое е сопственик на дел од земјиштето, кое врши дејност во зоната и кое склучило договор за вршење дејност со основачот на зоната и му е издадено решение за започнување со работа;

5. „Сопственик на цела зона" е секое физичко лице кое е регистрирано како трговец поединец согласно со Законот за трговските друштва или правно лице регистрирано како трговско друштво согласно Законот за трговските друштва, кое е сопственик на целото земјиште во зоната, кое врши дејност во зоната и кое склучило договор за вршење дејност со основачот на зоната и му е издадено решение за започнување со работа;

6. „Трговски дејности" се дејности и услуги кои се определени согласно со Законот за трговските друштва;

7. „Зелени зони" се зони каде што има низок степен на загадување на животната средина каде што ќе се применуваат напредни технологии кои штедат енергија и ги минимизираат негативните ефекти врз животната средина;

8. „Инфраструктурен објект" е подземна или надземна инсталација и градба од областа на сообраќајот, електричните инсталации, гасоводи, нафтоводи, водовод и канализација, топлификација, телекомуникации и други инсталации и

9. Инвеститор е сопственик на дел од зона, сопственик на цела зона, сопственик на објект, закупец на објект или земјиште во зона основана од Владата на Република Македонија (освен закупците на инфраструктурните објекти во рамките на зоната кои ги градат субјектите-даватели на јавни услуги кои се надлежни за изградба на електроенергетската, водоводната, канализационата, гасоводната и телекомуникациската инфраструктура).

Јавен интерес

Член 4

Изградбата и изведувањето на работите за основање и работење на индустриските - зелените зони (во натамошниот текст: зони) е од јавен интерес.

Дел втори

УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗОНА

Услови за основање на зона

Член 5

(1) Зоната се основа ако:

- е донесена соодветна урбанистичко-планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање,
- се обезбедени просторни, енергетски, технички и други услови за вршење на дејност во зоната и
- основачот на зоната има обезбедено средства за основање на зона.

(2) Условите за основање на зоната од ставот (1) алинеја 2 на овој член до границите на зоната во случај кога основач на зоната е единицата на локалната самоуправа ги обезбедува единицата на локалната самоуправа.

(3) Условите за основање на зоната од ставот (1) алинеја 2 на овој член до границите на зоната во случај кога основач на зоната е Владата на Република Македонија ги обезбедува Владата на Република Македонија.

Основач на индустриска зона

Член 6

(1) Индустриска зона може да основа единица на локалната самоуправа под услови и на начин утврдени со овој закон.

(2) Владата на Република Македонија може да биде основач на индустриска зона, под услови и на начин утврдени со овој закон.

(3) Основач на индустриска зона може да биде правно лице кое дејноста на основач ја врши согласно со договорот за јавно приватно партнерство.

(4) Индустриски зони може да основаат и две или повеќе единици на локалната самоуправа за што истите склучуваат меѓусебен договор.

(5) Договорот од ставот (3) на овој член особено ги содржи следниве елементи:

1) предмет на договорот;

2) рок на важност на договорот;

3) цели и рокови за нивно постигнување;

4) права и обврски на договорните страни;

5) времетраење на договорот;

6) мерки и начин на преземање на мерките кои може да се применат во случај на неисполнување на обврските утврдени во договорот;

7) услови и начин на раскинување на обврските и начин на надоместување на загубите и

8) начин на решавање на спорови.

Основач на зелена зона

Член 7

(1) Зелени зони може да основа единица на локалната самоуправа под услови и на начин утврдени со овој закон.

(2) Владата на Република Македонија може да биде основач на зелена зона, под услови и на начин утврдени со овој закон.

(3) Основач на зелена зона може да биде правно лице кое дејноста на основач ја врши согласно со договорот за јавно приватно партнерство.

(4) Како дејности кои може да се вршат во зелените зони се лесна и незагадувачка индустрија во која влегуваат сите видови на производство кои не побаруваат многу енергија, не создаваат голем промет на суровини, материјали и сообраќај и не произведуваат штетни еманати како што се:

- преработка на органска храна,
- производство на електрична енергија од обновливи извори и
- производство на база на рециклирање.

(5) Одредбите од овој закон кои се однесуваат на индустриските зони соодветно се применуваат и за зелените зони доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Постапка за основање на зона од Владата на Република Македонија

Член 8

(1) Кога Владата на Република Македонија се јавува како основач на индустриска или зелена зона донесува одлука за основање зона, на предлог на министерот надлежен за работите од областа на економијата или на предлог на Дирекцијата.

(2) Предлогот од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) опфат на зоната со список на индикации за катастарските парцели кои влегуваат во опфатот;

2) период за кој се основа зоната;

3) дејностите што ќе се вршат во зоната;

4) потребните услови и активности потребни за обезбедување на пристап до зоната, како и просторни, енергетски, технички и други услови за вршење на дејност во зоната и

5) потребни средства за основање на зоната и извор за финансирање.

(3) Владата на Република Македонија го доставува предлогот од ставот (1) на овој член до Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кои се должни во рок од 15 дена од добивањето на предлогот да достават мислење до Владата на Република Македонија за пренамена на земјиштето.

(4) Владата на Република Македонија во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на предлогот од ставот (1) на овој член донесува одлука за основање зона или ќе го одбие предлогот.

(5) Одлуката за основање на зона од ставот (1) на овој член содржи:

1) назив на основачот;

2) назив на зоната;

3) подрачје на зоната;

4) дејности што се вршат во зоната и

5) период за кој се основа зоната.

Одлука за започнување на постапка за основање на зона

Член 9

(1) Кога единицата на локалната самоуправа се јавува како основач на индустриска или зелена зона градоначалникот поднесува барање до советот на единицата на локалната самоуправа.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) назив и седиште на основачот;

2) опфат на зоната со список на индикации за катастарските парцели кои влегуваат во опфатот;

3) период за кој се основа зоната;

4) дејностите што ќе се вршат во зоната;

5) потребните услови и активности потребни за обезбедување на пристап до зоната, како и просторни, енергетски, технички и други услови за вршење на дејност во зоната и

6) потребни средства за основање на зоната и извор за финансирање.

(3) Советот на единицата на локалната самоуправа по добивање на барањето од ставот (1) на овој член, истиот го доставува до Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство кои се должни во рок од 15 дена од добивањето на барањето да достават мислење за пренамена на земјиштето.

(4) Советот на единицата на локалната самоуправа во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето од ставот (1) на овој член донесува одлука за основање на зона или ќе го одбие барањето.

Одлука за основање на зона

Член 10

(1) По исполнување на условите од членот 5 од овој закон, советот на единицата на локалната самоуправа донесува одлука за основање на зона.

(2) Одлуката од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) назив и седиште на основачот, односно основачите на зоната;

2) назив на зоната;

3) подрачје на зоната;

4) дејности што ќе се вршат во зоната;

5) градби утврдени со урбанистичко планската документација кои ќе се градат во зоната и

6) период за кој се основа зоната.

Проширување и скратување на опфатот на зона

Член 11

(1) Единицата на локалната самоуправа може да изврши проширување и скратување на опфатот на зоната на начин и во постапка како што е уредено со одредбите од членовите 9 и 10 од овој закон.

(2) Владата може да изврши проширување и скратување на опфатот на зоната на начин и во постапка како што е уредено во членот 8 од овој закон.

Постапка за трансформација на технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона

Член 11-а

(1) Владата на Република Македонија може на предлог на Дирекцијата со одлука да ја трансформира технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона, доколку за зоната не е склучен договор за јавно приватно партнерство.

(2) Одлуката од став 1 од овој член особено содржи:

1) период за кој се основа зоната

2) дејностите што се вршат во зоната

3)назив на основачот;

4) назив на зоната.

(3) Одлуката од став (1) на овој член се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

(4) Подрачјето и опфатот на зоната и одобрената Урбанистичка планска документација за Технолошко индустриската развојна зона која се трансформира, продолжуваат да важат за индустриската зона што се основа.

Оператор на зона

Член 12

(1) Со зоната основана од единицата на локалната самоуправа како оператор управува јавно претпријатие, односно трговско друштво основано од основачот на зоната.

(2) Со зоната основана од Владата на Република Македонија како оператор управува Дирекцијата односно Министерството за економија за зони за кои е склучен договор за јавно приватно партнерство.

(3) Со зоната трансформирана од технолошко индустриска развојна зона во индустриска зона согласно одлука донесена од Владата на Република Македонија како оператор управува Дирекцијата.

(4) Операторот на зоната од ставот (1) на овој член не може да се занимава со друга дејност освен со дејноста оператор на зона.

(5) Операторот на зоната од ставовите (1) и (2) на овој член со одлука ги утврдува:

- организационите и техничките услови за вршење на дејност во зоната,
- работното време на зоната,
- обврските за обезбедување на просторни, технички и организациски услови за користење на зоната,
- мерки за заштита на работа во зоната и
- мерки за заштита на животната средина, права и обврски на сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона.

(6) Операторот на зоната од ставовите (1) и (2) на овој член, актите од ставот (4) на овој член ги доставува заради добивање согласност до основачот на зоната.

Регистар на индустриски - зелени зони

Член 13

(1) За индустриските и зелените зони основани согласно со овој закон се води Регистар на индустриски - зелени зони.

(2) Регистарот од ставот (1) на овој член доколку основач на зоната е Владата на Република Македонија го води Дирекцијата, а за градбите во индустриските-зелени зони за кои е склучен договор за јавно приватно партнерство Регистарот од ставот (1) на овој член го води Министерството за економија, а доколку основач е единицата на локалната самоуправа, Регистарот од ставот (1) на овој член го води Министерството за локална самоуправа.

(3) Во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката, согласно со членот 10 став (1) од овој закон, основачот на зоната е должен да поднесе пријава за упис на зоната во Регистарот на индустриски и зелени зони.

(4) Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на индустриски - зелени зони, како и формата и содржината на образецот на пријавата од ставот (3) на овој член ги пропишува министерот за економија.

Постапка за отуѓување на земјиште по пат на јавно наддавање

Член 14

(1) Земјиштето во рамките на зоната кога основач на зоната единицата на локалната самоуправа го отуѓува единицата на локалната самоуправа, а кога основач на зоната е Владата на Република Македонија, земјиштето во рамки на зоната го отуѓува Министерството за транспорт и врски.

(2) Постапката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање се спроведува согласно со одредбите од овој закон, со електронско јавно наддавање (во натамошниот текст: јавно наддавање) и истата ја спроведува Комисијата за спроведување на постапки за

јавно наддавање (во натамошниот текст: Комисијата), формирана од страна на градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, односно Министерството за транспорт и врски.

(3) Постапката за отуѓување започнува со претходно дадена објава во:

- најмалку три дневни весници на минимум половина страница кои се издаваат на македонски јазик, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата и

- еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје на чие подрачје се наоѓа градежното земјиште предмет на објавата, а излегува најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата.

(4) Објавата од ставот (3) на овој член може да биде дадена и во странски печатен весник.

(5) Објавата од ставот (3) на овој член ја изготвува и ја дава за објавување Комисијата по претходно добиена согласност од основачот.

(6) Опремата (хардверот и софтверот) за електронското јавно наддавање треба да ги исполнува минималните технички стандарди и услови во поглед на опремата, како и функционалноста на софтверот за електронско јавно наддавање, кои ги пропишува Владата на Република Македонија согласно со Законот за градежното земјиште.

Член 15

За отуѓување на градежното земјиште сопственост на Република Македонија кое е предмет на објавата, можат да се пријават за учество сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на градежно земјиште на територијата на Република Македонија согласно со закон, кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.

Член 16

(1) Објавата за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија задолжително ги содржи следниве податоци за:

- градежното земјиште кое е предмет на отуѓување (намена, површина на градежна парцела, катастарски парцели кои се опфатени со градежната парцела, површина за градба, бруто изградена површина, коефициент на искористеност, процент на изграденост, катност и/или висина и друго),

- минималниот процент кој треба да биде изграден од вкупно развиената површина за градење,

- почетната цена по метар квадратен за градежното земјиште кое е предмет на отуѓување,

- рокот за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање,

- времето на започнување и времетраењето на јавното наддавање,

- условите за учество на јавно наддавање за странските физички и правни лица,

- депозитот за учество на јавното наддавање кој изнесува од 10% до 30% од вкупната почетна цена за отуѓување, како и сметка на која се уплатува депозитот,

- обврската на најповолниот понудувач да ги уплати средствата во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а депонираните средства на најповолниот понудувач нема да му бидат вратени и истиот нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната градежна парцела,

- рокот за прибавување на одобрение за градење, како и рокот за изградба на објектот,
- начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавно наддавање, потребен број на учесници согласно со закон, минималниот чекор на зголемување на вредност по метар квадратен на градежното земјиште, дефинирање на почетокот и крајот на јавното наддавање, рокот за уплата на најповолната понуда, рокот за враќање на уплатениот депозит, обврски за исплата на данокот на промет, обврска за трошоци за солемнизација на договорот и право на приговор),
- интернет страницата на која ќе се врши јавното наддавање и
- други обврски што треба да ги исполни најповолниот понудувач, кои би биле утврдени со договорот за отуѓување.

(2) Рокот за поднесување на пријава за учество не може да биде пократок од 30 дена ниту подолг од 60 дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесувањето на пријави.

(3) Почетната цена изнесува едно евро во денарска противвредност по метар квадратен за градежното земјиште кое е предмет на отуѓувањето.

(4) Висината на минималниот чекор на зголемување на вредноста по метар квадратен на градежното земјиште изнесува 10% од минималната почетна цена по метар квадратен за отуѓување на градежното земјиште.

Член 17

Посебни дополнителни услови кои можат да се предвидат во објавата се:
- висина на годишен обрт на капитал на правното лице кое ќе се пријави за учество на јавното наддавање,
- број на изградени објекти или објекти во сопственост на правното лице кое ќе се пријави за учество на јавното наддавање во зависност од намената на земјиштето предмет на јавната објава,
- број на вработени лица во правното лице кое ќе учествува на јавното наддавање,
- број на лица кои по изградбата на објектите ќе бидат вработени,
- физибилити студија или деловен план,
- правно лице да котира на една од познатите светски берзи,
- правно лице да поседува соодветна лиценца, односно франшиза за дејностите кои можат да се вршат во зоната,
- банкарска гаранција за сериозност на понудата и/или банкарска гаранција за изградба на објектот согласно со намената во урбанистичко-планската документација,
- урбанистичко-архитектонски услови за изградба на објектите во зоната,
- воведување на сертификати за високи еколошки стандарди,
- квалитетна услуга заснована на европски стандарди и
- висок степен на енергетска ефикасност.

Член 18

Комисијата може да изврши исправка на објавата по претходна согласност од основачот најдоцна 15 дена пред истекот на последниот ден за поднесување на пријавата за учество на јавното наддавање наведен во објавата и истата се објавува во печатените весници во кои е објавена и објавата. Доколку до моментот на исправката се пријавиле лица за учество за јавно наддавање, Комисијата е должна да ги извести за исправката.

Член 19

Учеството на јавното наддавање заинтересираните правни и физички лица го потврдуваат со поднесување на писмена пријава за учество на јавно наддавање во која се наведени податоците за градежното земјиште за кое се однесува пријавата, за подносителот на пријавата, како и за трансакциона или жиро-сметка на која ќе биде вратен депозитот за учество на јавното наддавање.

Член 20

(1) За секоја спроведена постапка за јавно наддавање, Комисијата е должна да изготви извештај и истиот потпишан од претседателот и членовите на Комисијата, го доставува до основачот на зоната.

(2) Врз основа на извештајот од ставот (1) на овој член основачот на зоната донесува одлука за избор на најповолен понудувач и градоначалникот на единицата на локалната самоуправа, а во име на Владата на Република Македонија, Министерството за транспорт и врски склучува договор за отуѓување на градежно земјиште со најповолниот понудувач од јавното наддавање.

(3) Од објавувањето на објавата па се до моментот на започнување на јавното наддавање, Комисијата со заклучок може да ја запре постапката за јавно наддавање, доколку настанат непредвидени околности кои би го оневозможиле водењето на постапката за отуѓување сопственост на Република Македонија по пат на јавно наддавање. Заклучокот е основа за поништување на објавата за што основачот на зоната по предлог на Комисијата донесува решение. Доколку објавата се поништи пред истекот на крајниот рок за доставување на пријавите за учество, Комисијата го објавува заклучокот во истите печатени медиуми во кои е објавена објавата.

Член 21

(1) Пријавата за учество на јавното наддавање треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата на начин и во форма како што е предвидено во самата објава.

(2) Комисијата по приемот на пријавите од подносителите на пријавите, утврдува дали пријавите се доставени во определениот рок и дали истите се комплетирани во согласност со условите од објавата.

(3) Комисијата ги известува подносителите на пријавите за комплетираноста на истите по електронски пат, во рок од три дена од денот на поднесувањето на понуди, при што на подносителите на пријавите кои доставиле комплетна документација им доставува и корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им доставува известување со образложение дека истите нема да учествуваат на јавното наддавање.

(4) Подносителите на пријави кои доставиле комплетирани пријави за учество на јавното наддавање согласно со објавата, на денот на спроведување на јавното наддавање се регистрираат на интернет страницата наведена во објавата со корисничкото име и шифрата за учество на јавното наддавање, по што имаат право да учествуваат на јавното наддавање.

Член 22

(1) Учесници на јавното наддавање се подносителите на пријави кои доставиле комплетна документација и се регистрирале на интернет страницата наведена во објавата.

(2) Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја наддаде почетната цена.

Член 23

(1) Депозитот за учество на јавно наддавање се враќа на подносителот на пријавата за учество на јавното наддавање, во целост, во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање.

(2) Депозитот за учество на јавно наддавање на најповолниот понудувач му се враќа намален за процент од 10%, одреден за трошоци на постапката, во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање за отуѓување на градежното земјиште.

(3) Посебните трошоци во постапката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија се однесуваат на следниве активности за:

- прибавување на докази за градежната парцела предмет на јавното наддавање,
- објавување во медиумите и јавните гласила,
- увид на самото место и утврдување на фактичката состојба и
- воведување во владение на градежното земјиште.

Член 24

(1) Јавното наддавање започнува со објавување на почетната цена на земјиштето кое е предмет на објавата по метар квадратен, а се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците во наддавањето.

(2) За успешно спроведена постапка на јавно наддавање потребно е да има најмалку едно постапно наддавање над почетната цена по метар квадратен.

(3) Јавно наддавање не може да трае пократко од 15 минути. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

(4) Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

Член 25

(1) За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена по метар квадратен, која претставува највисока цена за отуѓување на градежното земјиште.

(2) Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање и електронски го доставува до сите учесници на јавното наддавање.

(3) Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на завршувањето на постапката за јавно наддавање е должен да ги уплати средствата од ставот (1) на овој член.

(4) Доколку најповолниот понудувач во рокот од ставот (3) на овој член не ги уплати средствата од ставот (1) на овој член, депозитот не му се враќа и нема да се пристапи кон склучување на договор.

Член 26

(1) За текот на јавното наддавање учесниците имаат право на приговор во рок од три дена од денот на одржувањето на јавното наддавање. Приговорот се поднесува во писмена форма до комисијата која по однос на истиот доставува предлог до основачот на зоната, кој врз основа на предлогот донесува решение во рок од пет работни дена.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член со кое се одлучува по поднесениот приговор од ставот (1) на овој член, странката има право да поднесе тужба во рок од 30 дена од денот на приемот на решението до управен суд.

(3) Постапката за јавно наддавање завршува по истекот на рокот од ставот (1) на овој член, доколку не е поднесен приговор.

(4) Постапката за јавно наддавање завршува по донесеното решение од ставот (1) на овој член.

Член 27

(1) По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од пет работни дена по извршената уплата на цената за отуѓување на земјиштето, градоначалникот на единицата на локалната самоуправа склучува договор за отуѓување на градежно земјиште, а во име на Владата на Република Македонија договорот го склучува Министерството за транспорт и врски.

(2) Договорот за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија се склучува во писмена форма.

(3) На договорот од ставот (1) на овој член соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

Член 28

(1) Договорот од членот 27 од овој закон особено содржи:

1) страни на договорот;

2) предмет на договорот;

3)конкретни податоци за предметното земјиште;

4) висина на цената за отуѓување, како и рок на плаќање;

5) обврска за купувачот за плаќање на данок на промет и нотарски трошоци;

6) рок за прибавување на одобрение за градење согласно со членот 28 став (2) од овој закон;

7) рок за изградба на објектот согласно со роковите утврдени во овој закон и

8) договорна казна за непочитување на рокот од ставот (1) точка 6 и рокот од ставот (1) точка 7 на овој член во висина од 1,5% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во првата година од истекот на рокот, односно 3% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот, односно 4,5% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во третата и секоја наредна година од истекот на рокот и

9) дејноста која треба да ја извршува сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона.

(2) Средствата од наплатата на договорната казна од ставот (1) точка 8 на овој член се приход на единицата на локалната самоуправа, односно Буџетот на Република Македонија.

(3) Договорот кој не ги содржи елементите од ставот (1) на овој член е ништовен.

(4) Неисполнувањето на обврските кои се настанати по основ на договорот од ставот (1) на овој член претставуваат основ за раскинување на договорот.

Член 29

(1) По склучувањето на договорот од членот 27 од овој закон, сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона во рок од 30 дена истиот го доставува кај нотар заради вршење на солемнизација.

(2) Сопственикот на дел од зона е должен да прибави одобрение за градење на предвидениот објект од надлежниот орган во рок од 12 месеци од извршената солемнизација на договорот и е должен земјиштето да го изгради согласно со условите во објавата во рок од три години од правосилноста на одобрението за градење.

(3) Сопственикот на цела зона е должен да прибави одобрение за градење на предвидените објекти од надлежниот орган во рок од 20 месеци од извршената солемнизација на договорот и е должен земјиштето да го изгради согласно со условите во објавата во рок од шест години од правосилноста на одобренијата за градење.

(4) Не исполнување на обврската од ставот (1) на овој член по вина на сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона, претставува основ за едностране раскинување на договорот при што 20% од вкупната сума од отуѓувањето, не му се враќа.

(5) Сопственикот на цела зона е ослободен од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, согласно со одредбите на Законот за градежното земјиште.

Член 30

(1) На договорот за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Македонија можат да се вршат измени и дополнувања со склучување на анекс на договор.

(2) Измени и дополнувања на договорите од ставот (1) на овој член можат да се вршат поради следниве причини:

- ако се настанати промени на предметот на договорот како последица на измена на урбанистичка планска документација, но не поради промена на намената и површината на градежната парцела за која е отуѓено градежното земјиште,

- поради отстранување на нови настанати околности (промена на број на катастарска парцела или промена на катастарска општина на земјиштето), во периодот од денот на склучување на договорот до денот на запишување на договорот во јавната книга за запишување на правата на недвижностите,

- статусна измена на сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона,

- заради отстранување на грешки во податоците за описот на земјиштето кое е отуѓено и

- други непредвидени причини, односно околности.

Продажба и давање под закуп на објекти со јавно наддавање

Член 30-а

Во случај кога основач на зоните е Владата на Република Македонија или кога е склучен договор за јавно приватно партнерство постапката за продажба и давање под закуп на објекти во рамките на зоната се спроведува согласно со Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Член 31

(1) Уредувањето на градежното земјиште до зоната (изградба на објекти на комунална инфраструктура, заради обезбедување на непречен пристап до зоната, поставување на водоводна, фекална и атмосферска канализација и друга инсталација) се врши од страна на единиците на локалната самоуправа и/или Владата на Република Македонија, а во рамките на зоната од страна на операторот/ сопственикот за индивидуални приклучоци.

(2) Во случај кога Владата на Република Македонија е основач на индустриска зона, операторот на зоната е ослободен од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, согласно со одредбите на Законот за градежното земјиште.

Член 32

(1) Надлежен орган за издавање на одобренија за градење за индустриска и зелена зона, како и на градбите во зоната е надлежниот орган согласно со Законот за градење освен за индустриски или зелени зони формирани од Владата на Република Македонија за кои надлежен орган е Дирекцијата за Технолошко индустриски развојни зони, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство.

(2) Постапката за издавање на одобрение за градење се спроведува согласно со Законот за градење.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член постапката за издавање на одобрение за градење за градбите на инвеститорите во зоните основани од Владата на Република Македонија се спроведува согласно со овој закон.

(4) По исклучок од одредбите на Законот за градење, сопственикот на дел од зона е должен да прибави одобрение за градење на предвидениот објект од надлежниот орган во рок од 12 месеци од извршената солемнизација на договорот и е должен земјиштето да го изгради согласно со условите во објавата во рок од три години од правосилноста на одобрението за градење.

(5) По исклучок од одредбите на Законот за градење, сопственикот на цела зона е должен да прибави одобрение за градење на предвидените објекти од надлежниот орган во рок од 20 месеци од извршената солемнизација на договорот и е должен земјиштето да го изгради согласно со условите во објавата во рок од шест години од правосилноста на одобренијата за градење.

Постапка за издавање на одобрение за градење

Член 32-а[2]

(1) Постапката за издавање на одобрение за градење на градбите кои ги градат инвеститорите во зоните основани од Владата на Република Македонија се спроведува во писмена форма согласно со одредбите од овој закон.

[2] Одредбите на членовите 32-а, 32-б, 32-в, 32-г, 32-д, 32-ѓ, 32-е, 32-ж, 32-з, 32-ѕ, 32-и, 32-ј, 32-к, 32-л, 32-љ, 32-м и 32-н во делот кој се однесува на издавањето на одобрението за градба, пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена за објекти во зони за кои е склучен договор за јавно приватно партнерство ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2016 година.

(2) На постапките за изработката на проектната документација, ревизијата на проектна документација, надзорот над изградбата, измените во текот на градбата, промената на инвеститорот, формирање и уредување на градилиште, издавање на одобрение за употреба, упис на недвижности во јавна книга, употреба на градежен објект, одржување на објект, отстранување на објектот, за инспекциски надзор и прекршочните одредби за градбите од ставот (1) на овој член се применуваат одредбите од Законот за градење.

(3) Постапките од ставот (2) на овој член се спроведуваат согласно со одредбите на Законот за градење, во писмена форма.

(4) Изградбата на градбите од ставот (1) на овој член може да ја врши правно лице со лиценца А за изведувач, изработка на проектна документација правно лице со лиценца А за проектирање, ревизјата на проектната документација правно лице со лиценца А за ревизија на проектна документација, а надзорот правно лице со лиценца А за надзор над изградбата.

Основни барања за градбата

Член 32-б

Секоја градба во зона основана од Владата на Република Македонија, зависно од намената, треба да ги исполни основните барања за градбата пропишани со Закон за градење и прописите од областа на градење како и да ги исполни условите пропишани со параметрите од државната урбанистичко-планската документација или архитектонско-урбанистичкиот проект.

Член 32-в

(1) Инвеститорот може да започне со градење во зона основана од Владата на Република Македонија по добивање на одобрение за градење согласно со овој закон, кое е правосилно во управната постапка.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член инвеститорот на сопствена одговорност и ризик може да започне со изградба и врз основа на конечно одобрение за градење.

Надлежен орган за издавање на одобрението за градење

Член 32-г

(1) Одобрение за градење за градбите на инвеститорите во индустриските-зелени зони основани од Владата на Република Македонија каде е склучен договор за јавно приватно партнерство издава Министерството за економија на начин и во постапка утврдени со овој закон.

(2) Одобрение за градење за градбите во индустриските - зелени зони каде основач е единицата на локалната самоуправа одобрение за градење издава градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините во градот Скопје согласно со Законот за градење.

(3) Одобрение за градење на градбите на инвеститорите во индустриските-зелени зони основани од Владата на Република Македонија издава Дирекцијата на начин и во постапка утврдени со овој закон.

(4) Примерок од правосилното одобрение за градење кое го донесува Дирекцијата, односно Министерството за економија, се доставува до единицата на локалната самоуправа на чие подрачје ќе се гради градбата.

Постапка за започнување со градење во зоните, пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена и адаптација

Член 32-д

(1) Почетокот на изградбата на објекти кои ги градат инвеститорите, започнува со подготвителни работи на парцелата, по добиено одобрение за започнување на подготвителни работи.

(2) Со одобрението за започнување на подготвителни работи инвеститорот може да го организира градилиштето со поставување на градби, кои се во функција на изградбата на градбата. Во одобрението за подготвителни работи се утврдува рок во кој инвеститорот е должен да обезебеди одобрение за градење.

(3) Подготвителни активности и градби за вршење на подготвителни работи во смисла на овој закон се:

- ограда за оградување на градилиштето,
- асфалтна база,
- сепарација на агрегати,
- инсталација за довод и одвод на вода,
- градби за сместување на работници и за градежни производи,
- чистење и рамнење на градежната парцела и
- сите видови на земјани работи без ископ на темели.

(4) За добивање на одобрение за започнување на подготвителни работи инвеститорот поднесува писмено барање до Дирекцијата, односно до Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство.

(5) Со барањето од ставот (4) на овој член се приложуваат:

- договор за отуѓување на градежно земјиште или договор за закуп на земјиште и/или договор за закуп на објект,
- извод од урбанистичко-планска документација или архитектонско-урбанистички проект,
- изјава за преземени мерки за безбедност на градилиште,
- известување за депонирање на земја и
- известување за назначен изведувач и правно лице за вршење надзор на подготвителните работи.

(6) Доколку инвеститорот од ставот (1) од овој член поднесе некомплетно барање за добивање одобрение за започнување на подготвителни работи, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, во рок од пет работни дена доставуваат известување до подносителот на барањето за комплетирање на потребната документација, кој е должен во рок од десет работни дена од приемот на известувањето да го комплетира барањето со потребната документација.

(7) Доколку инвеститорот ја комплетира документацијата во рокот од ставот (6) на овој член, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, издаваат одобрение за започнување на подготвителни работи, а доколку не го комплетира барањето со потребната документација во рокот утврден во ставот (6) на овој член, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство донесуваат решение за одбивање на барањето.

(8) Доколку инвеститорот не прибави одобрение за градење согласно со рокот утврден во одобрението за подготвителни работи, добиеното одобрение за подготвителни работи престанува да важи и изведувачот е должен веднаш да ги отстрани поставените градби за подготвителни работи и земјиштето соодветно да го уреди.

(9) За реконструкција на објект или дел од објект сопственикот или закупецот на објектот, до Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство се поднесува барање за одобрение за реконструкција при што со барањето поднесува:

- договор за продажба на објект или посебниот дел од објектот или договор за закуп на објект или посебниот дел од објектот,
- имотен лист за објектот предмет на пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена и адаптација,
- основен проект за предвидената реконструкција на објектот со извршена ревизија во два примерока и
- мислења и согласности предвидени со посебните закони во зависност од реконструкцијата.

(10) Доколку при вршење на адаптација и реконструкција на објект или посебен дел од објект, се врши и пренамена, сопственикот или закупецот на објектот или посебен дел од објект е должен до Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство да поднесе барање за одобрение за адаптација со пренамена или реконструкција со пренамена и ги доставува следниве докази:

- договор за продажба или договор за закуп на објект или посебниот дел од објектот,
- имотен лист за објектот предмет на пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена и адаптација,
- основен проект за предвидената пренамена, адаптација со пренамена или за реконструкција со пренамена, со извршена ревизија, во два примероци и
- мислења и согласности предвидени со посебните закони во зависност од пренамената.

(11) За адаптација на објект или посебен дел од објект, сопственикот или закупецот на објектот или посебениот дел од објект е должен до Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство да поднесе проект за адаптација кој содржи постојна состојба и нова состојба што се предвидува со адаптацијата, со барање за одобрување на проектот. По барањето Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство донесува решение за одобрување на проектот за адаптација или решение за одбивање на барањето за одобрување на проектот. Адаптација може да се изврши само доколку е донесено решение за одобрување на проектот. Примерок од проектот за адаптација и правосилното решение за одобрување на проектот се доставуваат до надлежниот орган за запишување на правата на недвижностите.

(12) Постапката за издавање на одобрение за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена се спроведува согласно со Законот за општата управна постапка.

(13) Против одобрението за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена, како и решението за одобрување на проектот за адаптација, односно против решението со кое се одбива барањето за издавање на одобрение за пренамена, адаптација со пренамена,

реконструкција и реконструкција со пренамена, како и решението со кое се одбива барањето за одобрување на проектот за адаптација издадено од Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението, односно приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(14) Примерок од издадените управни акти од овој член се доставува до градежната инспекција.

(15) Реконструкција на објектите за кои согласно со закон за градење не е потребно одобрение за градење се врши врз основа на одобрен проект за реконструкција.

(16) Во случаите од ставот (15) на овој член, за одобрување на проект за реконструкција се поднесува барање до Дирекцијата, односно до Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, кон кое се доставува проект за реконструкција со позитивен извештај за ревизија на истиот.

(17) Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство по барањето од ставот (16) на овој член се должни во рок од седум работни дена да го одобрат проектот со ставање заверка и печат на истиот или да достави известување за констатирани недостатоци.

(18) Инвеститорот може да започне со пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена и адаптација, врз основа на правосилно одобрение за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена, како и правосилно решение за одобрување на проектот за адаптација.

(19) Доколку инвеститорот започне со пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена и адаптација без издадено одобрение за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена, како и без издадено решение за одобрување на проектот за адаптација, истото ќе биде на негова сопствена одговорност и ризик.

(20) Во случај кога инвеститорот извршил некое од дејствијата предвидени во ставот (19) на овој член, е должен дополнително да поднесе соодветно барање за издавање на дозвола до надлежната институција.

(21) Доколку Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство го одбијат барањето на инвеститорот од ставот (20) на овој член за издавање на одобрение за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена или решение за одобрување на проектот за адаптација и издаде решение за одбивање за пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена, како и адаптација во тој случај инвеститорот е должен да го врати објектот во првобитна состојба и за тоа нема право да бара надоместок на штета и надоместок на изгубена добивка од Дирекцијата односно од Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство за издавање на одобрението или решението.

Одобрение за градење

Член 32-ѓ

(1) Постапката за издавање на одобрение за градење во зоните основани од Владата на Република Македонија се води согласно со одредбите на Законот за општата управна постапка, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

(2) За добивање на одобрение за градење во зоните основани од Владата на Република Македонија, инвеститорот поднесува писмено барање до Дирекцијата, односно до Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, со следнава документација:

- извод од урбанистичко-планска документација или архитектонско-урбанистички проект одобрен од надлежен орган, а доколку архитектонско-урбанистичкиот проект е одобрен во електронска форма преку информациски систем е-урбанизам кон истиот се доставува и изјава заверена на нотар дадена под кривична и материјална одговорност со која барателот ќе потврди дека доставениот архитектонско-урбанистички проект е истиот кој е електронски одобрен од страна на надлежниот орган,
- идеен или основен проект,
- позитивен извештај за ревизија на основен проект, доколку со барањето е доставен основен проект,
- доказ за извршена уплата на закупнина за земјиште и/или закупнина на објект доколку барател за одобрение за градење е закупец на земјиштето и/или објектот во зоните и
- геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште.

(3) Во случај кога во постапката за издавање на одобрение за градење во зоните основани од Владата на Република Македонија е доставен идеен проект, инвеститорот е должен да изработи основен проект со позитивен извештај за ревизија и да го достави до Дирекцијата, односно до Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, во рок од шест месеци од денот на правосилноста на одобрението за градење. Доколку во овој рок не биде доставен основен проект со позитивна ревизија, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, со заклучок ќе ги прекине сите градежни активности на инвеститорот се до моментот додека не се достави истиот.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член доставениот основен проект со позитивен извештај за ревизија на основен проект од ставот (3) на овој член, се заверува од страна на службени лица на Дирекцијата, односно на Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство.

(5) Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство се должни во рок од пет работни дена од приемот на барањето да ја разгледа доставената документација и да утврди дали барањето е комплетно, дали доставената документација има недостатоци, дали основниот проект или идејниот проект е изработен во согласност со прописите за проектирање и урбанистичко-планската документација, односно архитекноско-урбанистичкиот проект и дали барателот е единствен закупец, односно сопственик на предметното градежно земјиште. Доколку кон барањето е доставен основен проект и позитивен извештај за ревизија на основниот проект, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство се должни во рок од три дена по приемот на барањето да постапи согласно со членот 32-е од овој закон.

(6) По спроведувањето на дејствијата од ставот (5) на овој член, доколку се утврди дека доставената документација е комплетна, исполнети се условите од ставот (5) на овој член и добиено е позитивно мислење, односно согласност од страна на субјектите од членот 32-е од овој закон до кои е доставено барање за увид во основниот проект, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство се должни во рок од пет работни

дена да издадат одобрение за градење, а во спротивно е должна да донесе заклучок за прекинување на постапката со кој ќе го задолжи барателот да ги отстрани констатираните недостатоци и да го дополни барањето во рок од 15 работни дена од денот на приемот на заклучокот.

(7) Доколку барателот не ги отстрани констатираните недостатоци и не го дополни барањето во рокот од ставот (6) на овој член, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, се должни да донесат решение за одбивање на барањето за одобрение за градење, а доколку барателот ги отстрани констатираните недостатоци, го дополни барањето во рокот од ставот (6) на овој член, а добиено е позитивно мислење, односно согласност од страна на субјектите од членот 32-е од овој закон. Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, се должни во рок од пет дена од извршената дополна на барањето и приемот на позитивно мислење, односно согласност да издаде одобрение за градење. Доколку некој од субјектите од членот 32-е имале дадено забелешки на основниот проект, Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, се должни веднаш по извршената дополна на барањето од страна на барателот, да достават барање за повторен увид во основниот проект, до субјектите од членот 32-е од овој закон кои имале дадено забелешки на истиот, со цел истите да утврдат дали е постапено по претходно дадените забелешки.

(8) Пред издавање на одобрението за градење се врши заверка на идејниот или основниот проект од страна на службени лица на Дирекцијата, односно на Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, со што се потврдува дека истиот е изработен во согласност со прописите за проектирање и урбанистичко-планската документација, односно архитектонско-урбанистичкиот проект.

(9) Службените лица на Дирекцијата, односно на Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, кои ја заверуваат проектната документација согласно со ставовите (4) и (8) на овој член треба да се дипломирани инженери архитекти или дипломирани градежни инженери кои поседуваат Овластување А или Овластување Б за проектирање, или Овластување А или Овластување Б за ревизија на проектна документација или да имаат работно искуство од најмалку шест месеци во постапки за издавање на одобрение за градење за градби од прва или втора категорија утврдени со Законот за градење.

(10) Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, се должни во рок од 15 работни дена по издавањето на одобрението за градење на инвеститорот да му достави пресметка за плаќање на трошоците за запишување на објектот во јавните книги на недвижности. Доколку во постапката за издавање на одобрение за градење барателот достави идеен проект во тој случај пресметка за плаќање на трошоците за запишување на објектот во јавните книги на недвижности се доставува во рок од 15 работни дена по заверување на основниот проект со позитивен извештај за ревизија на основен проект.

(11) Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, во постапката за издавање на одобрението за градење не можат да побараат од инвеститорот, друга документација освен документацијата предвидена со овој закон.

(12) Барателот одговара за веродостојноста на сите документи кои се доставени со барањето со оригиналните документи кои се издадени од надлежните субјекти.

(13) Формата и содржината на барањето за одобрението за градење и на одобрението за градење ги пропишува директорот на Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство.

Член 32-е

(1) Доколку барателот во постапката за добивање на одобрението за градење до Дирекцијата, односно до Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, достави основен проект со позитивен извештај за ревизија на основниот проект, во тој случај Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, се должни по приемот на барањето во рок од три дена да достават барање за увид во основниот проект до субјектите надлежни за електроенергетска, водоводна и канализациона инфраструктура, веднаш по приемот на основен проект и позитивен извештај за ревизија на основниот проект.

(2) Субјектот надлежен за електроенергетска инфраструктура е должен во рок од пет дена од денот на приемот на барањето за увид да изврши увид во основниот проект и да достави мислење дали објектот може да се приклучи на соодветниот електроенергетски систем.

(3) Субјектот надлежен за водоводна и канализациона инфраструктура е должен во рок од пет дена од денот на приемот на барањето за увид да изврши увид во основниот проект и да достави мислење дали објектот може да се приклучи на водоводниот и канализационен систем.

(4) Доколку со основниот проект се предвидува приклучување на објектот на топловодна и гасоводна инфраструктура, надлежниот орган, во рокот утврден во ставот (1) на овој член, доставува барање за увид во основниот проект до субјектите надлежни за топловодна и гасоводна инфраструктура, кои се должни во рок од пет дена од денот на приемот на барањето да извршат увид во основниот проект и да достават мислење дали објектот може да се приклучи на топловодната и гасоводната инфраструктура.

(5) Доколку се работи за изградба на магацини за складирање на експлозивни материи, магацини, склад или резервоар за складирање на запални течности и гасови, преточувалиште, станица за снабдување со гориво, нафтовод или гасовод, вклучувајќи го складот, постројката или уредот што е технолошки сврзан со нафтоводот или гасоводот, надлежниот орган во рокот утврден во ставот (1) на овој член, доставува барање за увид во основниот проект до органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на внтарешните работи, кој е должен во рок од пет дена од денот на приемот на барањето да изврши увид во основниот проект и да даде согласност или да даде забелешки доколку не се исполнети условите за согласност.

(6) Доколку се работи за изградба на градби за кои основниот проект согласно со Закон за градење треба да содржи и елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, во рокот утврден во ставот (1) на овој член, доставуваат барање за увид во основниот проект и до Дирекцијата за заштита и спасување, која е должна во рок од пет дена од денот на приемот на барањето да изврши увид во основниот проект и да даде согласност на елаборатот или да даде забелешки доколку не се исполнети условите за согласност.

(7) Доколку субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член не постапат согласно со овој член се смета дека немаат забелешки и ако поради нивното непостапување во иднина настанат штети, обврската за надоместок на штета ќе биде на товар на субјектот чие непостапување ја предизвикало штетата.

(8) Субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член кои доставиле забелешки на основниот проект, се должни да проверат дали е постапено по претходно дадените забелешки од страна на барателот, во рок од два работни дена од денот на приемот на барањето за повторен увид во основниот проект кое е доставено од страна на Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство.

(9) Доколку субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член постапувајќи согласно со ставот (8) на овој член и по извршената проверка повторно имале забелешки на основниот проект, односно дале негативно мислење или не дале согласност, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство донесуваат решение за одбивање на барањето за одобрението за градење.

(10) Доколку барателот во постапката за добивање на одобрението за градење до Дирекцијата, односно до Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, достави идеен проект, во тој случај се постапува согласно со одредбите на овој член, веднаш по доставување на основен проект со позитивен извештај за ревизија на основен проект.

(11) Во случаите кога Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, издале одобрение за градење врз основа на идеен проект, и по доставувањето на основниот проект согласно со членот 32-ѓ став (3) субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член имале забелешки на основниот проект, односно дале негативно мислење, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, донесуваат решение за прекин со изградбата на градбата а инвеститорот е должен да ја прекине изградбата на градбата. Прекинот на изградбата на градбата ќе трае се до отстранување на забелешките дадени од страна на субјектите од ставовите (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член, а изградбата на градбата ќе продолжи по добивање на известување од страна на Дирекцијата односно на Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, дека може да се продолжи со изградба на градбата.

(12) Барањето за увид во основниот проект, мислењето или согласноста, односно забелешките се доставуваат во писмена форма.

Член 32-ж

(1) Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, се должни да достават примерок од правосилното одобрение за градење и примерок од завереният основен проект до надлежниот орган за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите заради прибележување и предбележување во јавната книга во која е запишано правото врз земјиштето.

(2) Во случај кога одобрението за градење е издадено врз основа на идеен проект Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, ќе достават правосилното одобрение за градење до надлежниот орган за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите заради прибележување и предбележување во јавната книга во која е запишано правото врз земјиштето, откако ќе биде доставен основен проект со позитивна ревизија на основниот проект.

(3) Кога одобрението за градење се издава на повеќе инвеститори во одобрението се наведуваат сите инвеститори во идеални или реални делови, врз основа на правно дело заверено кај нотар за уредување на меѓусебните права и обврски за градба.

Член 32-з

(1) Доколку директорот на Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство не го издадат одобрението за градење, односно не донесат решение за одбивање на барањето за издавање на одобрението за градење во рокот од членот 32-ѓ став (6) од овој закон, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена да поднесе барање до архивата на Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, за министерот за економија и директорот на Дирекцијата да го издадат одобрението за градење.

(2) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член ги пропишуваат директорот на Дирекцијата, односно министерот за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, и истиот го доставуваат за објавување во „Службен весник на Република Македонија".

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член барателот доставува и копија од барањето од членот 32-ѓ став (1) од овој закон.

(4) Директорот на Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство е должен во рок од пет работни дена од денот на поднесување на барањето од ставот (1) на овој член до архивата Дирекцијата и Министерството за економија, да го издадат одобрението за градење или да донесат решение со кое се одбива барањето за издавање на одобрението за градење.

(5) Доколку директорот на Дирекцијата, односно министерот за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство не го издадат одобрението за градење, односно не донесат решение со кое се одбива барањето за издавање на одобрението за градење во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(6) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (5) на овој член да изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(7) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува директорот на Дирекцијата, односно министерот за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство во рок од десет дена да одлучат по поднесеното барање, односно да го одобрат или одбиат барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(8) Доколку директорот на Дирекцијата, односно министерот за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство не одлучат во рокот од ставот (7) на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена, во кој директорот на Дирекцијата, односно министерот за економија кога е склучен договор за јавно

приватно партнерство ќе одлучат по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го известат инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Доколку директорот на Дирекцијата, односно министерот за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство не одлучат и во дополнителниот рок од ставот (8) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(10) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (5) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(11) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (10) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставот (5) на овој член и/или не поднел пријава согласно со ставот (9) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка за инспекторот за прекршок предвиден со Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во надлежниот орган дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Во случајот од ставот (12) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(14) Во случаите од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од осум работни дена.

(16) Доколку директорот на Дирекцијата, односно министерот за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство не одлучат во рок од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред Управниот суд.

(17) Постапката пред Управниот суд е итна.

Член 32-s

Против управните акти издадени во постапката за добивање на одобрение за започнување со подготвителни работи и во постапката за добивање на одобрение за градење, одобрение на пренамена, одобрение за адаптација со пренамена, одобрение за реконструкција и одобрение за реконструкција со пренамена и

решение за одобрување на проект за адаптација, жалба може да се поднесе во рок од 15 дена од денот на прием на истите до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 32-и

(1) Одобрението за градење кое е издадено спротивно на одредбите од овој закон е ништовно. Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство ги сносат трошоците за враќање на просторот во состојбата во која бил пред издавањето на одобрението за градење кое е огласено за ништовно, а инвеститорот има право на надоместок на штета и надоместок на изгубена добивка од Дирекцијата, односно од Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство.

(2) Во случаите кога одобрението за градење е огласено за ништовно согласно со членот 32-л став (2) од овој закон, Дирекцијата односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство не ги сносат трошоците за враќање на просторот во состојбата во која бил пред издавањето на одобрението за градење и инвеститорот нема право на надоместок на штета и изгубена добивка од Дирекцијата, односно од Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство.

Член 32-ј

При доградба и надградба на објект се спроведува истата постапка предвидена за добивање на одобрение за започнување со подготвителни работи и одобрение за градење пропишана со овој закон.

Член 32-к

(1) Ако заради изградба е потребно инвеститорот да отстрани изградена градба или нејзини делови, а истите се наоѓаат во рамките на површината за градење, истиот е должен тоа да го стори по правосилноста на одобрението за градење врз основа на посебен елаборат за начинот на отстранување на постојната градба, во која ќе бидат дадени решенија за третманот на градежниот шут создаден од отстранувањето на порано изградената градба.

(2) Ако градбите од ставот (1) на овој член се наоѓаат надвор од површината за градење, а во рамките на градежната парцела, градителот е должен да ги отстрани најдоцна до издавањето на одобрението за употреба.

Член 32-л

(1) Одобрението за градење престанува да важи доколку сопственикот на дел од зона, односно сопственикот на цела зона не започне со изградба во рокот утврден во членот 32 ставови (3) и (4) од Законот за индустриски-зелени зони („Службен весник на Република Македонија" број 119/13 и 160/14).

(2) Во случаите од ставот (1) на овој член Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство донесуваат акт за ништовност на одобрението за градење, кој се доставува до органот надлежен за водење на јавната книга за запишување на правата на недвижностите и истиот е основ за бришење на сите прибележувања и предбележувања поврзани со недвижноста.

(3) Доколку градбата започнала да се гради по истекот на рокот од ставот (1) на овој член, се смета дека градењето е бесправно.

Член 32-љ

(1) Инвеститорот е должен писмено да ја пријави изградбата до Дирекцијата, односно до Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство, градежната инспекција и инспекцијата на трудот, пред започнувањето на изградбата на градбата за која е издадено одобрение за градење.

(2) Во известувањето од ставот (1) на овој член инвеститорот е должен да ги назначи изведувачот и правното лице за вршење надзор со определен надзорен инженер. Доколку во текот на градењето се промени изведувачот или правното лице за вршење на надзор, односно определениот надзорен инженер, инвеститорот е должен за настанатата промена да ја извести Дирекцијата, односно Министерството за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство.

Одобрението за градење на дел или делови од градба

Член 32-м

(1) Одобрението за градење може на барање на инвеститорот да се издаде и за еден или повеќе нејзини делови, ако претставуваат градежна и функционална целина, како фазна градба.

(2) Барањето за издавање на одобрението за градење на дел од градба го поднесува инвеститорот со документацијата предвидена согласно со членовите 32-д и 32-ѓ од овој закон.

(3) Во барањето од ставот (2) на овој член се наведува делот, односно деловите од градбата за кои се однесува барањето.

Засновање на право на долготраен закуп

Член 32-н

(1) Сопственик на објект или закупец на објект во зона, во случај кога основач на зоните е Владата на Република Македонија, може да заснова право на долготраен закуп на градежното земјиште опфатено со границите на градежната парцела, на кое што е изграден објектот кој е даден под закуп.

(2) Постапката за давање под закуп на градежното земјиште во рамките на зоната ја спроведува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, согласно со Законот за технолошки индустриски развојни зони.

Одделување и уредување на просторот на зоната

Член 33

(1) Основачот на зоната е должен да го загради, уреди и означи просторот на зоната.

(2) Зоната треба да биде уредена така што влегувањето и излегувањето на лицата, транспортните средства и стоката во и од зоната е можно само преку определени влезови, односно излези.

(3) Оградата, влезовите и излезите на зоната треба да бидат прописно уредени, обезбедени и осветлени.

(4) Поблиските критериуми и начинот на уредување на зоната од овој член ги пропишува советот на единицата на локалната самоуправа, односно Дирекцијата односно министерот за економија кога е склучен договор за јавно приватно партнерство.

Уредување на односите меѓу операторот и сопствениците

Член 34

(1) Операторот на зоната склучува договор согласно со прописите за облигациони односи со сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона како и со закупецот на објект во зона за меѓусебните права и обврски во вршењето на трговските дејности во зоните.

(2) Правата и обврските кои се утврдени во договорите кои операторот од ставот (1) на овој член ги склучува со сопствениците на дел од земјиштето и сопственикот на цела зона како и со закупецот на објект во зона кои вршат дејност во зоната не можат да бидат во спротивност со елементите кои се определени во актот од членот 12 став (4) од овој закон.

(3) Операторот на зоната треба да овозможи непречен пристап до деловите на зоната од страна на инвеститорот и до другата инсталација со приклучоците до земјиштето кое е дел од зоната и непречено функционирање на инфраструктурните објекти во зоната.

(4) За вршењето на работите во зоната, операторот на зоната донесува тарифник за утврдување на висината на надоместоците за услугите кои ги дава, а за кој согласност дава советот на единицата на локалната самоуправа, односно Владата на Република Македонија.

Работење на зоната

Член 35

(1) Сопствениците на дел од зона и сопственикот на цела зона кои ќе вршат дејност во зоната можат во согласност со овој закон и склучениот договор во зоната да вршат производство и да даваат услуги кои се определени како трговски дејности согласно со одредбите од Законот за трговските друштва.

(2) Со вршење на дејностите и давање на услугите во зоната не смее да се загрозува животната средина, здравјето на луѓето, материјалните добра и безбедноста на Република Македонија.

Извештај за работењето на зоната

Член 36

(1) Операторот на зоната е должен на основачот на зоната да му достави извештај за работењето на зоната за претходната година најдоцна до 15 април во тековната година (во натамошниот текст: годишен извештај).

(2) Годишниот извештај содржи податоци особено за:

1) обемот на услугите остварени во зоната, квантитативно и вредносно;

2) остварен приход или обрт и

3) бројот на остварените вработувања во извештајниот период по квалификациона структура.

(3) Податоците во годишниот извештај за сопствениците на дел од зоната се наведуваат вкупно и по одделени сопственици во зоната.

(4) Податоците во годишниот извештај за сопственикот на цела зона се наведуваат во вкупен износ.

(5) Формата и содржината на извештајот ги пропишува градоначалникот на општината, градоначалникот на градот Скопје или градоначалникот на општината во градот Скопје.

(6) Основачот на зоната е должен да достави опомена до операторот на зоната најдоцна петнаесет дена пред истекот на рокот за извештајот од ставот (1) на овој член.

(7) Операторот на зоната е должен до основачот на зоната да го достави извештајот од ставот (1) на овој член најдоцна до 31 мај во тековната година.

Дел трети

ДЕЈНОСТИ КОИ МОЖАТ ДА СЕ ВРШАТ ВО ЗОНАТА

Дејности кои можат да се вршат во зоната

Член 37

(1) Во зоната се вршат дејности исклучиво за потребите на работењето на зоните, а можат да се градат градби со намена за производство, дистрибуција и сервиси согласно со стандардите и нормативите за урбанистичко планирање.

(2) Дејностите во зоната се вршат под следниве услови:

1) деловниот потфат да е во согласност со приложената физибилити студија или деловен план;

2) потеклото и квалитетот на суровините, полупроизводите и готовите производи да можат да се утврдат и контролираат;

3) работењето да не ја загрозува јавната безбедност, животната средина и здравјето на луѓето во зоната и

4) сопственикот на дел од зоната и сопственикот на цела зона да ги осигура основните средства и вработените од ризици кои произлегуваат од работењето.

(3) Во зоната не смее да се врши активност поврзана со:

1) услуги кои потекнуваат од земји или фирми кои се предмет на ембарга и блокади наложени од национални и меѓународни органи и власти;

2) услуги кои ги загрозуваат јавниот морал, јавната безбедност и одбраната и

3) услуги кои не се во согласност со законите на Република Македонија и на меѓународните договори ратификувани во Република Македонија кои се однесуваат на заштитата на интелектуалната и индустриската сопственост.

Сопственици кои ќе вршат дејност во зоната

Член 38

(1) Сопствениците на дел од зона и сопственикот на цела зона во зоните можат да вршат само трговски дејности уредени со Законот за трговските друштва и кои се утврдени со одлуката за основање на зоната.

(2) Сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона кој ќе врши дејност во зоната е должен на надлежниот орган да му овозможи соодветен надзор.

(3) Сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона кој ќе врши дејност во зоната е должен на операторот да му достави годишен извештај за работењето за претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година.

(4) Годишниот извештај од ставот (3) на овој член содржи податоци особено за:

1) обемот на услугите остварени во зоната, квантитативно и вредносно и

2) бројот на остварените вработувања во извештајниот период по квалификациона структура.

(5) Формата и содржината на годишниот извештај од ставот (3) на овој член ги пропишува основачот на зоната.

(6) Основачот на зоната е должен да достави опомена на сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона кој ќе врши дејност во зоната најдоцна 15 дена пред истекот на рокот за извештајот од ставот (3) на овој член.

(7) Сопствениците на дел од зона и сопственикот на цела зона кои ќе вршат дејност во зоната подлежат на истите права и обврски согласно со прописите на Република Македонија на кои подлежат и сите останати трговски друштва запишани во трговскиот регистар или странски друштва кои вршат дејност во Република Македонија.

(8) Сопствениците на дел од зона и сопственикот на цела зона кои ќе вршат дејности во зоната, дејностите ги вршат во согласност со законите кои важат во Република Македонија и договорот со кој се регулирани меѓусебните права и обврски со операторот на зона.

Дел четврти

НАДЗОР

Член 39

(1) Надзор над законитоста на работењето на единиците на локалната самоуправа во врска со надлежностите утврдени во овој закон врши Министерството за локална самоуправа.

(2) Надзор над законитоста над работењето на операторите на зоните основани од страна на единицата на локалната самоуправа врши единицата на локалната самоуправа.

(3) Надзор над законитоста на работењето на сопствениците во зоната во случај кога основач на зоната е единица на локалната самоуправа врши единицата на локалната самоуправа.

(4) Надзор над законитоста на работењето на сопствениците во зоната во случај кога основач на зоната е Владата на Република Македонија врши Дирекцијата преку овластени лица вработени во Дирекцијата.

(5) Надзор над законитоста над работењето на сопствениците во зоната во случај кога е склучен договор за јавно приватно партнерство врши Министерството за економија преку овластени лица вработени во Министерството.

(6) Надзорот од ставот (3) на овој член го вршат овластени лица вработени во единицата на локалната самоуправа.

(7) Овластените лица самостојно ги вршат работите на надзор и преземаат мерки за кои се овластени со овој закон.

(8) Овластувањето за вршење на надзор овластеното лице од ставовите (3), (4) и (5) на овој член го докажува со соодветен документ и истиот е должен да го покаже при вршењето на надзор, а на барање на сопственикот на дел од зоната и сопственикот на цела зона, да му дозволи да го разгледа.

(8) Надзорот се врши без претходна најава, во време кога сопственикот на дел од зоната и сопственикот на цела зона ги извршува своите активности, самостојно или по претходна пријава од страна на сопствениците.

(9) Овластените лица го вршат надзорот ефикасно, водејќи сметка за заштита на јавниот интерес и до степен колку што е тоа можно за заштита на интересот на сопственикот на дел од зоната и сопственикот на цела зона.

(10) Лицата од ставовите (3) и (4) на овој член се овластени да:

1) вршат надзор во деловните простории на сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона;

2) проверува идентификациони документи на лица поради потврдување на нивниот идентитет;

3) бараат од сопственикот на дел од зоната и сопственикот на цела зона или од неговите вработени писмено или усно објаснување во врска со прашања од делокругот на надзор;

4) бараат стручно мислење кога е тоа потребно за надзор и

5) обезбедуваат и други потребни докази.

(11) Доколку е потребно оправдано да се одземат или привремено да се чуваат документите, овластените лица од ставовите (3) и (4) на овој член можат:

1) да побараат од сопственикот на дел од зона и сопственикот на цела зона или од лице вработно кај истото што има овластување за тоа да отвори и дозволи пристап во која било просторија и

2) да побара од кое било лице кое има овластување за тоа да обезбеди пристап до кое било досие и простории.

(12) Идентичноста на копијата со оригиналот на документите, доказите и информациите ја потврдува сопственикот на дел од зоната и сопственикот на цела зона со свој печат и потпис или неговиот вработен со потпис.

(13) Сопственикот на дел од зоната и сопственикот на цела зона е должен да соработува и на барање на овластеното лице од ставовите (3) и (4) на овој член за вршење надзор да му овозможи непречен пистап до просториите, документите, електронските системи или кое било друго средство предмет на надзор, како и да ја достави целокупната документација потребна за извршување на надзорот.

(14) Овластените лица од ставот (5) на овој член ги назначува градоначалникот на единицата на локалната самоуправа.

Дел петти

ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 40

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице – оператор на зоната ако не достави извештај за работењето на зоната во форма, содржина и рок согласно со членот 36 ставови (1) и (7) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице – оператор на зоната ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

Член 41

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице – сопственик на дел од зона и сопственикот на цела зона кој ќе врши дејност во зоната ако не достави извештај за работењето на зоната во форма, содржина и рок согласно со членот 38 став (3) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице – сопственик на дел од зона и сопственик на цела зона ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице –сопственик на дел од зона и сопственик на цела зона за дејствието од ставот 1 на овој член.

(3) Глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - сопственик на дел од зона или сопственик на цела зона за дејствието од ставот (1) на овој член.

Член 42

За прекршокот предвиден во членовите 36 ставови (1) и (6) и 38 став (3) од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

Член 42-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице-оператор на зоната, правното лице – сопственик на дел од зона и сопственикот на цела зона се врши согласно со Законот за прекршоците.

Дел шести

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 43

(1) Единиците на локалната самоуправа кои до денот на влегувањето во сила на овој закон на своето подрачје имаат донесено соодветна урбанистичко-планска документација за изградба на зоната, донесен соодветен акт за основање на зоната од страна на органот на единицата на локалната самоуправа и започнале со реализирање на инвестиции во зоната, се сметаат за основачи на зоните со права и обврски утврдени со овој закон.

(2) Зоните од ставот (1) на овој член ќе треба да се усогласат со одредбите на овој закон во однос на условите за нивно работење најдоцна до 1 јануари 2014 година.

(3) По усогласувањето со условите од ставот (2) на овој член, основачот на зоната доставува барање за упис во Регистарот на индустриски и зелени економски зони до Министерството за локална самоуправа.

Член 44

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 45

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување на Законот за индустрински – зелени зони („Службен весник на РМ" бр.160/14)

Член 19
Преодни и завршни одредби

(1) Урбанистичко планската документација која се однесувала на технолошко индустриската развојна зона ќе важи и за индустриска зона која со одлука Владата ја трансформирала во индустриска зона.

(2) За потребата од градење до и во зоната која е трансформирана согласно став 1 од овој член ќе важи целокупната проектна документација која била изготвена и се однесувала на технолошко индустриската развојна зона која е трансформирана во индустриска зона.

(3) Одобренијата за градење односно одобренијата за употреба кои биле донесени и се однесуваат на технолошко индустриска зона ќе продолжат за важат и за индустриската зона која е трансформирана на начин утврден во став 1 од овој член.

Член 20

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за индустрински – зелени зони
(„Службен весник на РМ" бр.173/15)

Член 12

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од 180 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Одредбите на членовите 32-а, 32-б, 32-в, 32-г, 32-д, 32-ѓ, 32-е, 32-ж, 32-з, 32-ѕ, 32-и, 32-ј, 32-к, 32-л, 32-љ, 32-м и 32-н утврдени во членот 8 од овој закон во делот кој се однесува на издавањето на одобрението за градба, пренамена, адаптација со пренамена, реконструкција и реконструкција со пренамена за објекти во зони за кои е склучен договор за јавно приватно партнерство ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2016 година.

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ЗАВРШНА ОДРЕДБА
од Законот за изменување и дополнување
на Законот за индустрински – зелени зони
(„Службен весник на РМ" бр.192/15)

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".